**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за измена и дополнување на Законот за трговските друштва |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Александар Поповски, Раководител на сектор за правни работи<br>т. 3093 491<br>e-mail aleksandar.popovski@economy.gov.mk |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | , 2012 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Не |

| |
|---|
| **Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**<br>(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи) |

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Непостои можност во Република Македонија акционер кој смета дека друштвото е оштетено поради постоење на очигледен несразмер помеѓу взаемните давања и чинења кои произлегуваат од договор склучен меѓу заинтересирани страни, со тужба до надлежен суд да бара поништување на договор со заинтересирана страна.
Во Република Македонија не се спроведува брза постапка на бришење на трговските друштва кои се неактивни односно три години по ред не доставуваат/ поднесуваат годишни сметки и финансиски извештаи во Централниот регистар како клучна законска обврска согласно Законот за трговските друштва. Истовремено сеуште во платниот промет фактички се присутни субјекти кои своевремено ја немаат испочитувано законската обврска деблокирани да ги пренесат своите сметки од поранешниот Завод за платен промет во деловните банки и моментно се водат во евиденцијата во УЈП.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

1.Да се изготви Предлогот на закон, кој приоритетно би го регулирал начинот условите и постакпата на побивање нефер зделки со заинтересирани страни и да се воведе автоматска електронска постапка на бришење на неактивните субјекти

вклучително и оние кои со децении се водат како блкирани и моментно опстојуваат во евиденцијата на Управата за јавни приходи.

2. Да не се изготви Предлогот на закон, и истото да се остави на постојните одредби што ќе води во продолжување на состојбата на неможност да се побива зделка со заинтересирана стран акоја е нефер, сеуште ќе опстојуваат субјектите чии сметки не се пренесени во деловни банки, кои се блокирани и практично опстојуваат незаконски бидејќи ниту сопствениците, ниту управителите ниту доверителите со децении немаат покренато стечајни постапки.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Управа за јавни приходи, Секретаријат за законодавство, Комисија за хартии од вредност, Минситерство за правда, Министерство за финансии.

Субјектите кои се водат како блокирани во УЈП а се пренесени од поранешните Завод за платен промет, односно Агенција за блокирани сметки, трговците поединци и трговските друштва запишани во трговскиот регистар а кои се неактивни 3 години последователно и акционерите кои имаат намера да побиваат нефер зделки со заинтересирани страни.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   Достапни се насоките на Владата на Република Македонија, препораките од Високиот дијалог на ЕУ за воспоставување правна рамка за бришење на неактивни претпријатија, како и повеќе заеднички ставови утврдени на одржаните состаноци со Управа за јавни приходи, Секретаријат за законодавство, Комисија за хартии од вредност, Минситерство за правда, Министерство за финансии. Достапни се сите податоци за бројот на блокирани субјекти, нема податоци за заинтересирани акционери кои би сакале да побиваат нефер зделки со заинтересирани страни и објективно тоа не може да се утврди и секако достапни се во Централен регистар сите субјекти кои 3 години се неактивни т.е. немаат поднесено годишна сметка.

   Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

2. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   Иницијална, потребно е да се направи анализа на Предлог Законот и да се утврдат неговите предности или слабости во имплементацијата, односно недостатоците при реализација на истото, а притоа да се земат во предвид и позитивните ефекти кој истиот ги обезбедува. Имајќи ги во предвид добиените резултати од оваа проценка ќе се изработи закон во кој би бил регулиран концептот за бришење неактивни субјекти и побивање нефер трансакции од страна на акционери.
3. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

   Не е формирана меѓуресорска група меѓутоа постои неформална група од претставници на одговорните сектори во Министерство за економија, министерство за финансии и Министерство за правда како и од Централен регистар со кои се водат редовни состаноци.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

<u>В. Временска рамка</u>

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   Активностите за проценка на влијанието на регулативата се започнати во мај 2012 година, кога Владата на Република Македонија донесе заклучок за изготвување на Предлог законот.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

   Не се вклучени надворешни консултанти .

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

   јуни 2012 година.

<u>Г. Ресурси</u>

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?